СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ЗАБРАНА И ОГРАНУЧУВАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОИЗВОДИ ОД ПЛАСТИКА ЗА ЕДНОКРАТНА УПОТРЕБА ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ ВО ЕУ

**-компаративен преглед-**

Есељ Лукрис
Аналитичар и истражувач по компаративно право и правни системи

декември 2021 година

## СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 2
ВОВЕД..... 4
I Правна рамка за регулирање на управувањето со пакување и отпад од пакувањето во Република Северна Македонија ..... 4
I.1 Циркуларна економија ..... 6
II Земји членки на ЕУ и примената на Директивата на Европската Унија (ЕУ) за намалување на влијанието на одредени пластични производи во животната средина ..... 7
II.1 Земји членки на ЕУ кои веќе ја применуваат Директивата за пластика за еднократна употреба ..... 10
II.2 Земји членки на ЕУ кои делумно ја применуваат Директивата за пластика за еднократна употреба ..... 13
II.3 Земји членки на ЕУ кои сеуште не ја применуваат Директивата за пластика за еднократна употреба ..... 15
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 16

## РЕЗИМЕ

Пластиката има силно негативно влијание врз животната средина, климата и здравјето на луѓето. На глобално ниво производството на пластика веќе е 20 пати поголемо во изминатите 50 години и се проценува дека ќе се удвои повторно до 2035 година и ќе биде четири пати поголемо до 2050 година. Се проценува дека помеѓу 5 и 13 милиони тони пластика секоја година завршува во океаните. Пластичните предмети за еднократна употреба пронајдени на европските плажи заедно со опремата за риболов претставуваат 70% од целокупниот морски отпад во Европската унија. Директивата на ЕУ 2019/904 за намалување на влијанието на одредени пластични производи во животната средина, вообичаено се нарекува и **Директива за пластика за еднократна употреба (SUP)[1].** Целите на оваа Директива се **да се спречи** и намали влијанието на одредени пластични производи врз животната средина, особено водите (океани, мориња, езера, реки) и врз здравјето на луѓето, како и **да се промовира транзицијата кон циркуларната економија** со иновативни и одржливи модели, производи и материи, со што се придонесува за ефикасно функционирање на внатрешниот пазар.[2] Директивата се однесува на пластичните производи за еднократна употреба т.е. на производите направени од оксоразградлива пластика како на пример на чаши за пијалаци вклучувајќи ги нивните капаци; пластични садови за храна со или без капак кои содржат храна која е наменета за непосредна консумација или за носење и на риболовната опрема што содржи пластика.[3] Директивата стапи на сила на 3 јули 2019 година, а земјите членки на ЕУ имаа рок до 3 јули 2021 година да ја транспонираат истата во националното законодавство и да ги усвојат релевантните мерки за успешна имплементација. Сепак, **не сите земји членки на ЕУ ја транспонираа Директивата во нивното законодавство**. Франција, Шведска, Естонија, Ирска и Грција се земјите кои не само што ја транспонираа директивата во нивното законодавство, туку и вклучија дополнителни мерки за намалување на користењето на пластичните садови за еднократна употреба. Португалија, Шпанија, Германија, Латвија, Литванија, Белгија, Луксембург и др. се земјите кои само делумно ја транспонира Директивата. Романија, Бугарија, Полска, Чешка, Словачка се земји во кои процесот на транспонирање на Директивата се одвива многу споро односно постојано се одложува. Некои земји имаат воведено дополнителни забрани покрај бараните во Директивата. Како на пример, некои региони во Белгија забрануваат употреба на пластични чаши за еднократна употреба и садови за храна за еднократна употреба во објекти и настани на јавната администрација.

**Франција** забрани:

- пластични чаши (со исклучок на хартиените чаши кои имаат пластична подлога);


[1] DIRECTIVE (EU) 2019/904 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on the reduction of the impact of certain plastic products on the environment, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/904/oj, пристапено на 17.11.2021

[2] DIRECTIVE (EU) 2019/904 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on the reduction of the impact of certain plastic products on the environment, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/904/oj, член 1, пристапено на 17.11.2021

[3] DIRECTIVE (EU) 2019/904 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on the reduction of the impact of certain plastic products on the environment, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/904/oj, член 2, пристапено на 22.11.2021

- бесплатна дистрибуција на пластични шишиња со вода;
- конфети;
- пластични кесички чај (со исклучок на биоразградливите);
- пластични играчки кои се дел од понудата со детски менија за јадење и сл.

**Германија** од 2023 година ќе ги забрани чашите за пијалаци за еднократна употреба и садовите за храна за еднократна употреба наменети за носење. Забраната ќе важи за поголемите ресторани.

**Малта** во својата стратегија предложи (но не забрани) да се забранат производи направени од пластика за еднократна употреба како, на пример:

- потпирачи за капак за пица во угостителски објект;
- балони и пластични конфети на јавни настани;
- пластични нараквици на јавни настани како и на одморалишта на плажа;
- стапчиња за лижавчиња, стапчиња за ќебапи и чепкалки.

**Шведска** планира да забрани пластични чаши кои содржат повеќе од 10% пластика, како и да забрани употреба, на отворено, на конфети кои содржат пластика.[4]

[4] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страница 7, пристапено на 17.11.2021

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа е разгледување на законската рамка во однос на забраната или ограничувањата за употребата на пластични садови како чаши, садови за храна, кеси и сл. за еднократна употреба во земји членки на ЕУ. Високата функционалност и релативно ниската цена на пластиката подразбира дека овој материјал е сè поприсутен во секојдневниот живот. Додека пластиката игра корисна улога во економијата и обезбедува основни производи во многу сектори, нејзината растечка употреба во производите за еднократна употреба кои не се дизајнирани за повторна употреба или рециклирање, значи дека поврзаните модели на производство и потрошувачка стануваат сè повеќе неефикасни и линеарни. Пластичните производи за еднократна употреба вклучуваат разновидна палета на производи за еднократна употреба за широка потрошувачка кои се фрлаат откако еднаш биле употребени за целта за која биле произведени. Тие производи ретко се рециклираат и најчесто стануваат отпад. Согласно Директивата (ЕУ) 2019/904 за намалување на влијанието на одредени пластични производи врз животната средина под поимот „пластика“ се подразбира материјал кој се состои од полимер, на кој може да се додадени адитиви или други супстанции и кој може да функционира како главна структурна компонента на финалниот производ. Под поимот „пластичен производ за еднократна употреба“ се подразбира производ кој е целосно или делумно направен од пластика и кој не е замислен и дизајниран да се користи повеќекратно.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I Правна рамка за регулирање на управувањето со пакување и отпад од пакувањето во Република Северна Македонија

Со оглед на тоа што Република Северна Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ потребно е да ги примени сите европски стандарди и најдобри практики, како и да се усогласи со законодавството на ЕУ, потребно е и да најде начин како да управува со отпадот кој е важен сегмент од животната средина. Управувањето со отпадот согласно пропишаните стандарди не само што ќе придонесе за подобра животна средина, туку ќе придонесе и за заштита на здравјето на луѓето и ќе обезбеди имплементација на циркуларната економија во земјата. Со **Законот за управување со пакување и отпад од пакување** се врши усогласување со Директивата на Европскиот парламент и на Советот од 20 декември 1994 година (94/62/ЕЗ), за пакување и за отпад од пакување (CELEX бр. 31994L0062), Директива 2004/12/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 февруари 2004 година со која се изменува и се дополнува Директивата 94/62/ЕЗ за пакувања и отпад од пакувања (CELEX бр. 32004L0012), Директивата 2013/2/ЕУ на Комисијата од 7 февруари 2013 година за изменување на Анекс I кон Директивата 94/62/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за пакување и отпад од пакување (CELEX бр. 32013L0002), Директивата (ЕУ) 2015/720 на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2015 година за изменување на Директива 94/62/ЕЗ во однос на намалување на потрошувачката на тенки пластични кеси за пазарување (CELEX бр. 32015L0720) и Директива (ЕУ) 2018/852 на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 2018 година за

изменување на Директивата 94/62/ЕЗ за пакување и отпад од пакување(CELEX бр.32018L0852). Со **Законот** се уредуваат барањата за заштита на животната средина и здравјето на луѓето кои треба да ги исполнува пакувањето при производство, пуштање на пазар и постапувањето со отпадот од пакување што ги опфаќа обврските на економските оператори и другите субјекти кои учествуваат во процесот на производство и пуштање на пазар на пакувањето, барањата за собирање, повторна употреба, преработка, рециклирање и отстранување, како и други услови за постапување со отпадот од пакување, известувањето и економските инструменти за постигнување на целите за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување.[5] Од 1 декември 2021 година стапуваат во сила одредбите од член 10 од Законот кои се однесуваат на: забрана за пуштање на пластични кеси за носење на стоки на пазарот и забрана за пуштање на пластично пакување за еднократна употреба во угостителските објекти на територијата на заштитените подрачја во Република Северна Македонија. Согласно законските одредби дозволена ќе биде само продажба на биоразградливи кеси кои ќе бидат екстра лесни и за кои ќе се плаќа надоместок од 15 денари, кој во поголем дел ќе оди во Фондот за заштита на животната средина. Од 1 декември се забрануваат пластични пакувања во угостителски објекти, за почеток, во заштитените подрачја.[6] Од друга страна, производителот кој како краен корисник пушта на пазарот на Република Северна Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување, е должен да плати надоместок за управување со отпадот од пакување. Висината на надоместокот според видот на материјалот изнесува: 7.400 денари/тон за хартија и дрво и 9.200 денари/тон за пластика, метал, композит и стакло.[7] Со **Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад** се врши усогласување со Директивата 2008/98/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 19 ноември 2008 за отпад и укинување на одредени директиви (CELEX бр. 32008L0098). Со овој закон се уредува видот на одговорноста на производителите по завршувањето на фазата на консумирање на производите што ги пуштиле на пазарот во Република Северна Македонија и начинот на нејзиното остварување заради собирање, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад што ги создале производителите со пуштањето на своите производи на пазар, условите, постапката и начинот на организирање заради остварување на проширената одговорност, условите и начинот на финансирање на мерките заради исполнување на проширената одговорност на производителот, правата и обврските на општините и другите субјекти кои имаат удел во постапувањето со посебните текови на отпад, како и други прашања што се од важност за навремено и целосно остварување на проширената одговорност на производителите.

[5] Законот за управување со пакување и отпад од пакување, член 1, пристапено на 15.11.2021
[6] Законот за управување со пакување и отпад од пакување, член 10, пристапено на 15.11.2021
[7] Законот за управување со пакување и отпад од пакување, член 35, оваа законска одредба стапува во сила на 1 јануари 2022 година, пристапено на 15.11.2021

## I.1 Циркуларна економија

Преминот кон циркуларната економија е важен дел од напорите за модернизирање на европската економија. Таа треба да води кон поголема ефикасност на ресурсите и има за цел:

- Да се управува со отпадот како со ресурс;
- Отпадот кој се создава по глава на жител да се намалува;
- Да се изнајдат економски опции за повторна употреба и рециклирање;
- Поголемо рециклирање на материјалите согласно висококвалитетни стандарди;
- Преработката за добивање енергија да биде лимитирана на материјали кои не може да се рециклираат;
- Депонирањето да биде сведено на минимум;
- Да нема повеќе незаконски пратки на отпад;[8]

***Слика1: Циркуларна економија***




Во согласност со целите за долгорочна заштита на животната средина и постигнување на циркуларна економија, во член 4 од **Законот**[9] е наведено дека управувањето со пакување и отпадот од пакување се заснова на:

- **„Начелото на одговорност на производителот**“, според кое производителот кој при вршење на својата дејност создава и придонесува кон создавање на отпад од пакување е одговорен за преземање на мерки за управување со пакувањето и отпадот од пакување со цел да се елиминира и/или намали до крајна можна мера негативното влијание врз животната средина кое настанува како резултат на отпадот од пакување создадено од неговата дејност, вклучувајќи и создавање на услови за остварување на висок степен на одделно собирање, повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка на отпадното пакување и

[8] Нацрт извештај за стратегиска оценка на животната средина, страница 21, НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД 2020 - 2030 (moepp.gov.mk), пристапено на 15.11.2021
[9] Законот за управување со пакување и отпад од пакување, член 4, пристапено на 15.11.2021

- **„Начелото на процена на животниот циклус на производот“,** според кое производителот на пакување е должен да изврши процена на животниот циклус на пакувањето на начин со кој ќе се подобрат еколошките перформанси на пакувањето, ќе се исклучи или намали присуството на штетни метали и други токсични супстанции во пакувањето согласно со научно-техничките достигнувања, како и дизајнирање на пакувањето на начин што ќе придонесе кон намалување на вкупниот обем на отпад од пакување со цел да се спречат негативните влијанија врз животната средина.

## II Земји членки на ЕУ и примената на Директивата на Европската Унија (ЕУ) за намалување на влијанието на одредени пластични производи во животната средина

Директивата на Европската Унија (ЕУ) за намалување на влијанието на одредени пластични производи во животната средина, вообичаено се нарекува и **Директива за пластика за еднократна употреба (SUP)[10].** Со неа се предвидува прогресивна фаза на исфрлање на пластични производи за еднократна употреба, која треба да се замени со нови производи и решенија за повеќекратна употреба. Таа се однесува и на пластичните производи за еднократна употреба т.е. за производите направени од оксоразградлива пластика, како на пример на чаши за пијалаци вклучувајќи ги нивните капаци; пластични садови за храна со или без капак кои содржат храна која е наменета за непосредна консумација или за носење на риболовната опрема што содржи пластика, а вклучува и низа дополнителни мерки[11], како:

- **Забрани за 15 производи во ЕУ -** Забраната е наменета за чинии, прибор за јадење, сламки, чаши изработени од стиропор, садови за храна и шишиња изработени од стиропор. Забраната стапува во сила од 3 јули 2021 година;
- **Намалување на потрошувачката за амбалажи за храна и чаши за пијалаци за еднократна употреба -** до 2026 година во споредба со 2022 година;
- **Проширена одговорност на производителот** - Шеми за определен број на производи (пакувања и обвивки, марамчиња, тутунски производи итн.), вклучувајќи ги и трошоците за чистење;
- **Посебни барања за дизајн за чаши за контејнери за пијалаци и шишиња** - Утврдување на посебни стандарди за дизајн за чаши за пијалаци и шишиња вклучувајќи интегрирана рециклирана содржина и прицврстување на капачето на контејнерот;
- **Посебна колекција на шишиња** - 77% од шишињата кои ќе бидат пуштени во промет до 2025 година и 90% до 2030 година;
- **Посебни барања за содржината на декларацијата** – вклучувајќи ги и информациите за тоа колку пластика е содржана во амбалажата и какво е нивното влијание врз животната средина (чаши за пијалаци, производите

[10] DIRECTIVE (EU) 2019/904 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on the reduction of the impact of certain plastic products on the environment, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/904/oj, пристапено на 17.11.2021

[11] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страна 7, пристапено на 26.11.2021

за менструална хигиена, влажните марамчиња и тутунските производи)[12]. Од 3 јули 2021 година, согласно Директивата (ЕУ) 2019/904, земјите-членки на ЕУ, преку нивното национално законодавство мора да обезбедат дека сите производи од пластика кои што се присутни на нивниот пазар поседуваат соодветна ознака на пакувањето или на самиот производ (ознаките се прикажани во Табела 1.). Ова барање за ознака се однесува на пластични производи за еднократна употреба, како на пример на: производи за менструална хигиена, тампони и апликатори за тампони, влажни марамчиња, т.е. претходно навлажнети марамчиња за лична нега, тутунски производи со филтри и филтри кои се продаваат за употреба во комбинација со тутунски производи, чаши за пијалаци и сл. Со одредбите од Директивата за пластика за еднократна употреба се утврдени спецификациите за означување за четири групи производи. Декларациите мора да содржат информации за присуството на пластика во производите како и за негативното влијание на истата врз природата.[13]

- **Мерки за подигање на свеста** за влијанието на пластиката за еднократна употреба и промовирање на производи за повеќекратна употреба.

***Табела 1:Декларирање на производи[14]***

| Група производи | Декларација | Забелешки |
|---|---|---|
| Хигиенски влошки | Испечатено:  | • За пакување со површина од 10 $cm^2$ или повеќе.<br>• Ознаките можат да се прикачат и на производите пуштени на пазарот пред 4 јули 2022 година. |
| Тампони и апликатори за тампони | Испечатено:  | • За пакување со површина од 10 $cm^2$ или повеќе.<br>• Ознаките можат да се прикачат и на производите пуштени на пазарот пред 4 јули 2022 година. |

[12]MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страна 7, пристапено на 16.11.2021
[13] Информациите се преземени од официјалната интернетска страница на Европска комисија, https://ec.europa.eu/environment/topics/plastics/single-use-plastics/sups-marking-specifications_en, пристапено на 25.11.2021
[14]Табелата е преземена од официјалната интернетска страница ТАВ СУВ, https://www.tuvsud.com/en/e-ssentials-newsletter/consumer-products-and-retail-essentials/e-ssentials-1-2021/eu-commission-announces-new-marking-specifications-for-single-use-plastic-products, пристапено на 25.11.2021

| | | |
|---|---|---|
| Влажни марамчиња и влажни марамчиња за лична хигиена | Испечатено;<br> | • За пакување со површина од 10 $cm^2$ или повеќе.<br>• Ознаките можат да се прикачат и на производите пуштени на пазарот пред 4 јули 2022 година. |
| Тутунски производи со филтри и филтри кои се продаваат за употреба во комбинација со тутунски производи | Испечатено;<br> | • За пакување со површина од 10 $cm^2$ или повеќе.<br>• За тутунот со филтри, дозволено е ознаката да се стави на надворешниот заден дел од пакувањето на и на надворешниот дел од пакувањето.<br>• Ознаките можат да се прикачат и на производите пуштени на пазарот пред 4 јули 2022 година. |
| Чаши за пијалаци изработени делумно од пластика |  | • Ознаката мора да биде поставена на површината на чашата подалеку од работ.<br>• Не е дозволено поставување на ознаката на основата на чашата.<br>• Во случај на крути чаши, ознаката не смее да биде врежана/гравирана на рабовите.<br>• Ознаките можат да се прикачат и на производите пуштени на пазарот пред 4 јули 2022 година. |
| Чаши за пијалаци направени целосно од пластика | Испечатено или врежано/релјефно:<br><br>Испечатено или врежано/релјефно:<br> | |

## II.1 Земји членки на ЕУ кои веќе ја применуваат Директивата за пластика за еднократна употреба

Во **Франција**[15], Законот против отпад за циркуларна економија кој ја транспонираше Директивата за пластични производи за еднократна употреба во францускиот закон беше усвоен во 2020 година. Неговото усвојување следеше по широката консултација со сите засегнати страни (локални власти, компании, невладини организации). Законот содржи околу педесет мерки кои вклучуваат и мерки за пластични производи за пакување за еднократна употреба. Покрај мерките утврдени со Директивата на ЕУ, Франција усвои низа дополнителни мерки со кои од една страна се ограничува користење на повеќе пластични предмети за еднократна употреба, а од друга страна се надминуваат минималните барања поставени во Директивата. Што се однесува до мерките за ограничување, Франција 6 месеци пред да истече крајниот рок на ЕУ, ги забрани сите пластични амбалажи за еднократна употреба ограничени со Директивата на ЕУ. Во еден од нејзините имплементирачки акти се укажува на тоа дека пластиката за еднократна употреба не треба да се произведува, ниту да се користи во внатрешниот пазар. Забраната е проширена и на чаши (со исклучок за хартиени чаши со пластична подлога и тоа со одреден праг што ќе биде утврден во законот и постепено ќе се намалува. Со нацртот за имплементирање на актите се предлага максимален праг на содржина на пластика во чаши за еднократна употреба - 15% од 3 јули 2021 година, 8% од 1 јануари 2024 година и 0% од 2026 година. Од 2022 година ќе бидат забранети пластични кесички за чај, освен оние произведени од биоразградлива пластика, пластични амбалажи за препакување свежо овошје и зеленчук со тежина помала од 1,5 килограми, како и пластичните играчки за деца кои се добиваат заедно со детското мени за јадење во ресторанте. Исто така, од 2022 година, во областа на рекламирањето, за весниците и за списанијата, ќе биде забранета употребата на пластични обвивки.

Франција, исто така, воведе конкретни мерки за услуги за храна и настани:

- Од 2021 година употребата на пластични шишиња за културни и спортски настани е забранета; обврска за обезбедување чешми со вода и бесплатна вода во ресторани и барови до 2022 година;
- Франција постави индиректна забрана за пакување на храна во садови за еднократна употреба (при кетеринг), како и обврска за користење на садови за повеќекратна употреба, која до 2023 година ќе биде целосно спроведена;
- Забрана за користење на пластични садови за готвење и загревање и контејнери за сервирање во училишните ресторани, како и во одделите за педијатрија и акушерските одделенија на клиниките, мерка која до 2025 година треба целосно да биде спроведена.

[15] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страница 27, пристапено на 16.11.2021

Законот конечно предвидува општа забрана за сите пакувања за еднократна употреба до 2040 година.[16]

**Шведска**[17] усвои дополнителни забрани покрај оние наведени во Директивата. Имено, воведена е забрана која се однесува на пластични чаши кои содржат повеќе од 10% пластика, како и забрана за користење пластични конфети на отворено. Намалување од 50% на потрошувачката на чаши и пластични садови за храна е цел која треба да биде постигната до 2026 година (во споредба со 2022 година), а сите добавувачи мора да понудат алтернатива за повеќекратна употреба. Мерката, **проширена одговорност на производителот,** е веќе предвидена за влажни марамчиња, балони и тутунски производи, а во предложените законски одредби кои се однесуваат на проширена одговорност на производителот, производителите ќе треба да поднесат извештај до Шведската агенција за заштита на животна средина, за количината на пластични производи кои биле пуштени во промет. Во однос на **одделната селекција на шишиња**, сите ПЕТ (полиетилен терефталат пластика[18]) шишиња мора да содржат 25% рециклирана пластика до 2025 година, пластичното пакување за еднократна употреба (за храна и медицинска амбалажа) да содржи 30% рециклирана материја до 2030 година. Мерката **соодветно декларирање** е проширена на повеќе категории на производи, со цел потрошувачите да бидат информирани за тоа дека производот содржи пластика за еднократна употреба и за негативната импликација на пластиката врз животната средина. Како производи од таа категорија се вбројуваат: гуми за џвакање, лесни пластични кеси, пластични капаци за еднократна употреба, чаши за пијалаци, пластични садови за носење, балони и сл. Во **Грција**[19] транспонирањето на Директивата за пластични производи за еднократна употреба е веќе завршена и периодот на имплементација започна во февруари 2021 година. Од 3 јули 2021 година, пазарните ограничувања за одредени пластични производи за еднократна употреба ќе бидат во согласност со барањата на Директивата. Мерките во однос на **соодветно декларирање** и **посебниот дизајн** за чаши за пијалаци и шишиња, исто така ќе се имплементираат во согласност со барањата во Директивата. За да се поттикне намалувањето на потрошувачката, ќе се применува реципрочна такса од 0,04 евра за сите пластични чаши и садови за храна од 1 јануари 2022 година. Исто така, поставени се цели за намалување од 30% и 60% за чаши и пластични садови за храна за еднократна употреба (до 2024 година и 2026 година). Дополнително, се обврзуваат трговците на мало да обезбедат пакување за повеќекратна употреба и задолжителни попусти за потрошувачите кои носат своја амбалажа за повеќекратна употреба. Овие мерки се однесуваат на целиот сектор за угостителство и малопродажба и ќе стапат на сила од јануари 2022 година, угостителските услуги повеќе нема да

[16] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страница 26, пристапено на 18.11.2021

[17] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страница 54, пристапено на 23.11.2021

[18] https://www.renovablesverdes.com/mk/plasticos-pet/

[19] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страница 31, пристапено на 17.11.2021

смеат да користат пластични производи за еднократна употреба. За да се намали потрошувачката на флаширана вода поставена е цел за обезбедување на јавни чешми за вода и истото е задолжително во сите општински спортски центри и игралишта (од јули 2021 година). Барањата за соодветно декларирање ќе се применуваат на сите производи за еднократна употреба опфатени со директивата од 1 јануари 2022 година, така што граѓаните ќе знаат кои производи се наменети за повторна употреба. Ова не треба да е само одговорност на потрошувачите, туку треба да се утврдат стратегии за намалување на потрошувачката и стратегии за повторна употреба за да се постигнат поставените цели. **Ирска**[20] планира да воведе дополнителни забрани покрај оние предвидени во Директивата. Како на пример, да се воведат забрани за употреба на немедицински влажни марамчиња, кесички за еднократна употреба и др. Националниот систем за враќање депозити за ПЕТ шишињата и за лименките треба да биде воспоставен до крајот на 2022 година. Националните образовни програми ќе мора да бидат соодветно прилагодени за да вклучат елементи за подигање на свеста за загадувањето со пластичните отпадоци. За да се поттикне намалувањето на потрошувачката, се разгледуваат други алтернативни мерки за намалување на пакувањето и препакувањето со цел да се намали употребата на пластичните садови за еднократна употреба. Со предлог-законот кој треба да се подготви до крајот на 2021 година, треба да се наметнат давачки за пластични садови за храна за еднократна употреба, со цел да се стимулира производството на садови за храна за повеќекратна употреба. Одредбите за соодветно декларирање ќе бидат имплементирани соодветно со барањата на ЕУ. Во **Естонија**[21] има позитивен развој во однос на потрошувачката и мерките за намалување на пластичните садови за храна за еднократна употреба и чашите за пијалаци. Со предлог-законот во продажните места чашите за пијалаци за еднократна употреба и пластичните садови за храна за еднократна употреба не смеат да им се даваат бесплатно на потрошувачите. Цената на амбалажата за една употреба не треба да биде помала од 0,50 евра и трговските друштва треба да информираат под кои услови се прифаќаат садови за храна за повеќекратна употреба. До крајот на 2023 година трговските друштва ќе бидат обврзани на потрошувачот да му понудат храна и пијалаци во пакувања за повеќекратна употреба. До крајот на 2025 година трговските друштва мора да употребуваат само пакувања за повеќекратна употреба. До 1 јануари 2023 година, органот на локалната самоуправа треба да обезбеди користење на садови за храна и пијалаци за повеќекратна употреба и на прибор за јадење на јавни настани кои ќе се одржуваат на територијата на локалната самоуправа. Овие барања важат за сите производи за еднократна употреба, не само за пластичните. Во однос на мерката **одделна селекција на шишиња** во Естонија веќе 15 години постои системот за враќање депозити кој важи за пиво, безалкохолни пијалаци и истиот систем предвидено е да ги опфати и амбалажите за еднократна употреба и амбалажите за полнење за безалкохолни пијалаци и пенливи алкохолни пијалаци како вино, шампањ итн. Местото за враќање

[20] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 34, пристапено на 17.11.2021

[21] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страница 22, пристапено на 17.11.2021

депозити мора да биде назначено на продажното место и видливо за потрошувачите.

## II.2 Земји членки на ЕУ кои делумно ја применуваат Директивата за пластика за еднократна употреба

**Германија** ја транспонираше Директивата во повеќе различни национални текстови: Законот за отпад, Уредба за забрана за пластика за еднократна употреба и Уредба за етикетирање на пластика за еднократна употреба кои се влезени во сила од 3 јули 2021 година. За намалување на потрошувачката на пластичните садови за еднократна употреба, Германија[22] одлучи да воведе обврска за поголемите ресторани (поголеми од 81 м$^2$ и со повеќе од 6 вработени) и рестораните за брза храна, на потрошувачите да им понудат чаши и садови за храна за повеќекратна употреба. Сепак, оваа мерка е одложена за 2023 година и се однесува само на најголемите ресторани за брза храна. Исто така, при транспонирањето на Директивата, Германија го прошири својот веќе постоечки систем за враќање депозити на други садови за пијалаци за еднократна употреба. Од 2022 година, веќе нема да важат сите претходно важечки ослободувања од задолжителниот депозит за еднонасочни пластични шишиња и лименки за пијалаци. Во однос на мерките за ограничување, барањата за дизајн и мерките за декларирање, Германија строго ги почитува. Воведени се парични казни во случај на прекршување на мерките за ограничување. **Шпанија,** во однос на намалувањето на потрошувачката[23]**,** во својот предлог-закон ги транспонираше барањата од Директивата за пластични чаши и садови за храна за еднократна употреба. Поставени се квантитативни цели за намалување во тежина - за 50% и 70% до 2026 и 2030 година соодветно (во споредба со податоците од 2022 година). Од 1 јануари 2023 година, ќе се наплаќаат чашите и садовите за храна за еднократна употреба, а од трговските друштва ќе се бара да ја поттикнат употребата на алтернативи за повеќекратна употреба. Шпанија планира да воведе мерки за потрошувачка на производи кои не се наведени во Директивата, како на пример, пластични послужавници кои служат како пакување, пластични производи за една доза, пластични прстени кои овозможуваат групирање на неколку индивидуални пакувања и пластични стапчиња што се користат во храната (како на пример стапчиња за лижавчиња, балони и сл.). Во однос на забраните предвидени во Директивата, Шпанија инкорпорира и други мерки за ограничување на загадувањето од балони и пластични шишиња, со забрана за намерно пуштање на балони во јавноста. Од друга страна, јавната администрација е повикана да употребува садови за пиење вода наменети за повеќекратна употреба. Во однос на дизајнот и соодветното декларирање, како и во однос на проширената одговорност на производителот, Шпанија се придржува до барањата на Директивата на ЕУ. Во **Норвешка**[24], забраните од Директивата се транспонирани и се во сила од 3 јули

[22] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 29, пристапено на 17.11.2021

[23] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 29, пристапено на 17.11.2021

[24] Иако Норвешка не е земја-членка на ЕУ, таа мора да ја транспонира Директивата во националното законодавство како дел од ЕЕЗ.

2021 година[25]. Сепак, нема да има проширување на листата на производи и покрај претходните најави од норвешкото министерство за животна средина. Барањата за соодветно декларирање на категориите на производи, предвидени со Директивата, исто така се се транспонирани и се во сила од 3 јули 2021 година. Норвешката агенција за животна средина моментално ги ревидира сите норвешки мерки за проширена одговорност на производителот и ќе даде препорака за транспонирање на барањата за проширена одговорност на производителот според Директивата во норвешкото законодавство до крајот на 2021 година. Препораките ќе вклучуваат елементи поврзани со барањето за интегрирање на рециклирана содржина. Норвешка има добро функционален национален систем за враќање депозити за ПЕТ шишиња и алуминиумски лименки во функција од 1995 година, достигната е посебна стапка на собирање од 92% за шишиња и лименки во 2020 година, што е далеку над целта поставена во Директивата на ЕУ. **Хрватска**[26] покажува голема заинтересираност во однос на посебната селекција на пакување пијалаци преку националниот систем за враќање депозити кој е во сила од 2004 година. Со националната шема се опфатени сите чаши и садови за пијалаци (над 250 ml) без разлика на материјалот (стакло, алуминиум, пластика). Млечните производи како што се јогуртот и млекото беа отстранети од шемата, но Владата најави дека тие повторно ќе бидат опфатени од крајот на 2021 година или почетокот на 2022 година. Во однос на забраните и барањата за посебен дизајн (рециклирана содржина, врзани капачиња и сл.), Хрватска се придржува кон барањата и забраните предвидени со Директивата. Покрај забраните утврдени во Директивата за пластика за еднократна употреба, **Словенија**[27] предвидува дополнителни забрани за пластични чаши за еднократна употреба на јавни настани и се забранува користење на автомати за пијалаци во јавниот сектор. Во однос на целите за потрошувачка и намалување на користење на пластични садови и чаши за еднократна употреба Словенија има специфична цел со која е предвидено 20% намалување до 2026 година за користење на истите (во споредба со податоците од 2022 година). Словенечкиот предлог-закон особено се однесува на производителите на пластика за еднократна употреба (со цел да се намали производството на пластика за еднократна употреба), на организаторите на настани, на автоматите за храна и пијалаци, на производителите на храна/пијалаци. Поставени се обврзувачки шеми за проширена одговорност на производителите почнувајќи од 1 јануари 2023 година. Од нив се бара да придонесат за трошоците и подигањето на свеста за влијанието на пластиката врз животната средина. Во однос на барањата за соодветно декларирање и подигање на свеста истите се поставени како што се бара во Директивата.[28]

---

[25] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 45, пристапено на 17.11.2021

[26] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 17, пристапено на 17.11.2021

[27] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 51, пристапено на 17.11.2021

[28] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf , страница 51, пристапено на 25.11.2021

## II.3 Земји членки на ЕУ кои сè уште не ја применуваат Директивата за пластика за еднократна употреба

Во **Чешка**[29], во однос на имплементацијата на Директивата нема напредок, предлог закон има и е во собраниска процедура, но нема никаков напредок. Во **Словачка**[30] не е започната целосна имплементација на Директивата. Планирано е да се воспостави систем за враќање депозити за чаши и шишиња за пијалаци до 2023 година, што значи дека има одлагање од 1 година од она што беше првично најавено во предлог-законот поднесен од Министерството за животна средина во септември 2019 година. Депозитот треба да биде 12 центи по ПЕТ шише и 10 центи по конзерва. Според новата законска регулатива, депозитот ќе биде задолжителен за објекти поголеми од 300 м$^2$, а за објекти под оваа површина доброволно. Во однос на забраните и покрај измените во Законот за отпад, Словачка се придржува до забраните пропишани во Директивата , давајќи им можност на трговците на мало да дистрибуираат пластични производи за еднократна употреба кои веќе ги имаат, најдоцна до 31 декември 2021 година. Поставена е минимална цена за поединечни пластични кеси што мора да ги покрие барем трошоците за купување пластични кеси од продавачот. **Полска** е сè уште во рана фаза со имплементација на Директивата. Владата одлучи да го поттикне намалувањето на потрошувачката со воведување нови даноци за секоја пластична амбалажа за еднократна употреба (предлогот е усвоен во мај 2021 година). Полските трговски здруженија за пакување се обидуваат да го одложат спроведувањето на оданочувањето и да спречат можно зголемување на данокот со текот на времето. **Романија и Бугарија** сè уште ја немаат транспонирано директивата во своите национални законодавства.

Изработила: Есељ Лукрис

Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

_______________________________

Златко Атанасов

[29] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 19, пристапено на 17.11.2021

[30] MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf, страница 50, пристапено на 25.11.2021

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. MOVING ON FROM SINGLE-USE PLASTICS: how is Europe doing? Assessment of European countries' transposition of the Single Use Plastics Directive July 2021, https://rethinkplasticalliance.eu/wp-content/uploads/2021/06/SUP-Assessment-Design-final.pdf;
2. Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
3. DIRECTIVE (EU) 2019/904 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on the reduction of the impact of certain plastic products on the environment, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/904/oj
4. Официјалната интернетска страница на Европска Комисија, https://ec.europa.eu/environment/topics/plastics/single-use-plastics/sups-marking-specifications_en;
5. Официјалната интернетска страница ТАВ СУВ, https://www.tuvsud.com/en/e-ssentials-newsletter/consumer-products-and-retail-essentials/e-ssentials-1-2021/eu-commission-announces-new-marking-specifications-for-single-use-plastic-products ;


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384